# Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за Проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој

**Службен весник на Р. Македонија бр. 17/08 од 04.02.2008**

**Член 1**

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем наменет за Проектот за реформи во железницата кој ќе се склучи меѓу ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 5.970.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 на овој закон, ќе бидат утврдени со Договорот за заем меѓу ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој.

**Член 3**

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

**Член 4**

Рокот на отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 17 години, со вклучен грејс период од пет години. Каматната стапка по која ќе се сервисира заемот е ЛИБОР (за евро валута) плус варијабилен распон. Каматната стапка може да се намали врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој.

Заемот ќе се отплаќа на 24 полугодишни ануитети секоја во износ од 248.750 евра. Отплатата ќе се врши секој 15 април и 15 октомври, почнувајќи од 15 април 2011 година до 15 октомври 2022 година.

Во грејс периодот од пет години, кок претставува и период на реализација на проектот, ќе се отплаќа само каматата на заемот.

На денот на повлекување на средствата, Република Македонија ќе плати еднократна провизија во износ од 1% од износот на заемот на Меѓународната банка за обнова и развој. Износот на еднократната провизија може да биде помал од 1% врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој.

На износот на неповлечени средства од заемот се плаќа провизија во висина од 0.75% годишно. Износот на оваа провизија може да биде помал од 0.75 % врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој.

Провизијата на неповлечени средства од ставот 5 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 април и на 15 октомври секоја година.

**Член 5**

Доколку пристигнатите обврски по основ на камата и главница, во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје ги намири Република Македонија, ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје е должно во рок од 30 дена од денот на извршувањето на обврската, да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

Министерот за финансии има право да издаде налог до Управата за јавни приходи за блокирање на средствата на ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје по основ на враќање на ДДВ со цел намирување на пристигнатите обврски кон кредиторот, односно

надоместување на државата денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за настанатите трошоци поврзани со соодветната трансакција.

**Член 6**

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје се обврзуваат да склучат посебен договор.

**Член 7**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем, наменет за проектот за реформи во железницата, кој ќе се склучи помеѓу ЈП Македонски железници Инфраструктура – Скопје и Меѓународната банка за обнова и развој (“Службен весник на Република Македонија” бр. 109/2005).

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.